

2021

# МЕТОДОЛОГИЈА

за следење на начинот на објавување на информациите поврзани со животната средина и анализа на содржината на информациите објавени од националните и локални власти, јавни претпријатија и сите ентитети кои имаат законска обврска за објавување на ваков вид информации.

# Содржина


1 Вовед ........................................ 1

2 Архус Центар ........................................ 2

3 Методологија ........................................ 2

4 Анекс 1: Листа на  ентитети за следење ........................................ 5




# 1 Вовед

На почетокот на 2020 година Мисијата на ОБСЕ во Скопје потпиша меморандум за соработка со Архус Центарот во Скопје како составен дел на Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија Скопје и стана дел од мрежата „Пријатели на Архус“, составена од институции, здруженија на граѓани, меѓународни организации и амбасади.

Во текот на 2020 година, Мисијата изработи Извештај за проценка на потребите за работата на Архус Центарот, чии препораки послужија како основа за развој на концепт кој ќе му помогне на Архус Центарот во зајакнување на капацитетите и создавање на функционален систем за следење на работењето јавните институции, општините, телата и органите за донесување одлуки за транспарентноста на процедурите, усогласувањето на законите и квалитетот на процесите на учество на јавноста во врска со спроведувањето на Архуската Конвенција.

Во периодод од мај до декември 2021г се одвиваат следините активности во рамките на соработката со мисијата на ОБСЕ.

Следење на информации поврзани со животната средина, објавени од релевантните владини институции и локалните органи на власта, поставени на нивните веб-страници или во други печатени и електронски медиуми, нивно класифицирње и сумирање во редовни месечни извештаи кои ќе се достапни на нашата веб страна и ќе се дистрибуирани до засегната страни преку маилинг листи и социјални мрежи.
Анализа на содржината на информациите и почитување на законските обврски (секоја специфична информација што може да се поврзе со Законот за животна средина и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер) и вклучување на наодите во редовните месечни извештаи.
Анализа на веб страните на општините, како и методот на комуникација и споделување на информации поврзани со животната средина од нивна страна (достапност и пристап до информациите) и вклучување на наодите во редовните месечни извештаи;
Тестирање, испитување, преку испраќање на барање за информации до избрани институции и следење на квалитетот на повратната информација во однос на времето потребно за да се одговори и структурата на информацијата.
Редовни комуникации со ГО кои се дел од мрежата на Архус во Република Северна Македонија и пријателите на Архус и споделување информации за институционалните процеси и процедури;
Учество на јавни расправи и следење на процесите на организирање јавни расправи, како од страна на централните, така и од страна на локалните власти, како и методите на консултации со јавноста за теми поврзани со животната средина;
Консултативни состаноци со сите засегнати страни на Архуската Конвенција во Република Северна Македонија (Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за правда, Собрание на РСМ, општини, медиуми, итн.), во улога на коректор на нивните модели на управување;
Учество во подготовка на годишен извештај на Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување на Архуската Конвенција во Република Северна

Македонија во улога на соработник за презентираните информации, со што ќе се добие објективна слика за состојбата во земјата пред Секретаријатот на Архуската Конвенција.

# 2 Архус Центар

Првиот Архус Центар во Република Северна Македонија почна со работа во 2019 година и формиран од страна на Здружение за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија како дел од проектот "Градење на капацитетите на граѓанските организации за животна средина за зголемување на демократските процеси во Македонија", финансиран од ЕУ од мерката за хоризонтално зајакнување на капацитетите.

Работата на Архус Центарот е заснована врз Конвенцијата на Економската Комисија на ОН за Европа (UNECE) околу пристапот до информации, учеството на јавноста во одлучувањето и пристапот до правда за прашања поврзани со животната средина (Архуска Конвенција) од 1998 година. Архус Центарот ќе работи на сите три столбови, а исто така ќе се учествува и ќе се стреми кон градење на капацитетите на локалните чинители како на централно, така и на локално ниво.

Архус Центарот учествува во следење на спроведување на националното законодавство од областа на животната средина и се залага за доследна примена на одредбите од Архуската Конвенција во пракса.

# 3 Методологија

Цел на активноста:

Мониторинг на веб страните на сите релевантни владини институции (Министерства, Агенции и сл), општини во РСМ, јавни претпријатија и основни и апелациони судови

Следење на информации поврзани со животната средина, објавени од релевантните владини институции, локалните органи на власта и јавните претпријатија, поставени на нивните веб-страници или во други печатени и електронски медиуми, нивно класифицирње и сумирање во редовни месечни извештаи до ОБСЕ, како и дистрибуција до други засегнати страни на Архуската Конвенција (членови на ЗГ, граѓани, институции).

Направена е табела со околу 170 институции кои е предвидено да се мониторираат во периодот од Мај до Декември 2021год.

Пристап кон изработка на анализата

Веб страните ќе бидат прегледувани 2 пати седмично во определени денови од седмицата (Понеделник и Петок)

Резултатите кои се пронајдени од следењето на веб страните ќе бидат сублимирани во месечни извештаи. По потреба може да се доставуваат и на пократок рок (двонеделни извештаи).

- Детално се разгледуваат објавите (вести, соопштение, новости), ќе бидат разгледани сите информации и ќе се изберат информациите кои се поврзани на било кој начин со животната средина и квалитетот на животот и здравје на луѓето (пр. информации поврзани со спроведување на проекти во општината, известувања за надтанати хаварии, надминување на гранични дозволени вредности (ГВЕ) во воздух, почва, вода, резултати од мониторинг и слично).

- Ќе бидат разгледани и службените гласници на општините кои вклучуваат информации за донесување на плански и стратешки документи на локално ниво
- Планови, програми, стратегии, студии, анализи, кои се изработени во согласност со законот за животна средина или како резултат на одредени проекти а се однесуваат на (заштита на животна средина, климатски промени, заштита на воздух, заштита на води, заштита од бучава, управување со отпад и сл).

  Сите документи (планови, програми, стратегии, извештаи, одлуки, студии, анализи и сл.) кои се објавени на веб страните кои ќе бидат мониторирани и објавени во периодот на времетраење на проектот ќе бидат земени во предвид. Особено ќе биде посветено внимание дали им е дадено до знаење на граѓаните за нивна изработка и дали им е укажана на можноста за давање предлози, коментари по однос на објавените документ.
- Преглед на Генерален урбанистички план (ГУП), Детален урбанистички план (ДУП), Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД), Урбанистички план за село (УПС), Урбанистички проект (УП) и останати плански документи и проектни програми, кои ќе бидат наведени и ќе биде направена конекција дали за нив било потребно и дали е спроведена постапка за СОЖС

За постапките на Оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС), Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) и Интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ) ќе биде направен преглед дали е испочитувана постапката како што е предвидена согласно законот за животна средина:

- Постапки за ОВЖС (студија за ОВЖС или елаборати). Следење на постапка – известување за намера, Нацрт Студија за ОВЖС, известување за јавна расправа и достапност на документите за јавност, Финална Студија за ОВЖС, извештај за соодветност на студијата, решение за одобрување на проектот. Оваа постапка во целост ја води МЖСПП. Доколку документите не се пронајдат на веб страната на општината ќе бидат побарани на веб страната на МЖСПП, со препорака за подобра вклученост на јавноста да се објавуваат и на локално ниво.

За ОВЖС најпрвин се објавува известување за намера за спроведување на проект – кое треба да биде објавено и достапно на јавноста (30 дена). Ова известување задолжително се објавува на веб страната на МЖСПП, но пожелно е да биде објвено и на веб страната на општината каде се планира да се спроведе проектот со цел поголема вклученост на засегнатата јавност.
После тоа следува објава на Нацрт Студија за ОВЖС - која треба да биде објавена и достапна на јавноста за коментари (30 дена). Оваа Нацрт Студија задолжително се објавува на веб страната на МЖСПП, но пожелно
е да биде објвено и на веб страната на општината каде се планира да се спроведе проектот. Пред 30тиот ден е потребно да се организира јавна расправа по однос на Нацрт Студијата каде треба да бидат поканети сите засегнати страни вклучително и здруженија на граѓани кои работат во областа на животната средина.

Сите правни и физички лица (вклучително и ГО) можат да ги достават своите коментари по писмен пат до МЖСПП, општината или друг субјект кој е одговорен за реализација на проектот. МЖСПП прави извештај од консултации со јавноста каде треба да бидат наведени сите релевантнни коментари, кои се прифатени, а оние кои не се прифатени да се образложи зошто не се. Овој извештај треба да биде објавен на веб страна и да е достапен на јавноста.
На веб страната се објавува Финална Студија за ОВЖС со вклучени коментари, Извештај за соодветноста на студијата и решение за одобрување или неодобрување на проектот. Сите тие треба да бидат објавени на веб страната на МЖСПП, а пожелно е и на веб страната на општината каде се спроведува проектот.

- Постапки за СОЖС (следење на постапката – објава на одлука за спроведување или неспроведување на постапка, формулар, решение од МЖСПП, Нацрт Извештај за СОЖС, известување за јавна расправа и достапност на документите за јавност, Финален Извештај за СОЖС, Решение за соодветнтост, одноно одобрување од МЖСПП)

За СОЖС најпрвин се објавува одлука за спроведување или неспроведување на стратегиска оцена и формулари кои се објавуваат задолжително на веб страната на органот кој го изработува планскиот документ. Истите се доставуваат и до МЖСПП. Засегнатата јавност и МЖСПП во рок од 30 дена треба да се произнесат дали се согласуваат или не се согласуваат со таа одлука.

Следна фаза е објава на Нацрт Извештај за СОЖС на веб страната на органот кој го изработува планскиот документ и истиот треба да и биде достапен на јавноста 30 дена. МЖСПП обвајува Нацрт Извештаи за СОЖС доколку се од национален интерес или тие се изработувачи на планскиот документ. Пред 30тиот ден се организира јавна расправа каде треба да бидат поканети сите засегнати страни вклучително и здруженија на граѓани кои работат во областа на животната средина.

Сите правни и физички лица (вклучително и ГО) можат да ги доставaт своите коментари по писмен пат до изработувачот на планскиот документ.
Изработувачот на планскиот документ прави извештај од консултации со јавноста каде треба да бидат наведени сите релевантни коментари, кои се прифатени, а оние кои не се прифатени да се образложи зошто не се. Овој извештај треба да биде објавен на веб страна и да е достапен на јавноста.
На веб страната се објавува Финален Извештај за СОЖС со вклучени коментари, Извештај од консултации со јавноста и решение за одобрување или неодобрување на релаизацијата на документот. Сите тие треба да бидат објавени на веб страната на изработувачот на планскиот документ.

- Постапки за А и Б Интегирани еколошки дозволи. Постапката за А Интегрирана еколошка дозвола ја води МЖСПП, а постапката за Б Интегрирана еколошка дозвола ја води општината на чија територија се наоѓа инсталацијата. Доколу одредена инсталација на територијата на општината за која е потребно да се обезбеди Б Интегрирана еколошка дозвола а се наоѓа на заштитено подрачје, постапката ја води МЖСПП)

  Најпрвин се објавува барањето за интегрирана еколошка дозвола ако е А или Б за заштитено подрачје (на веб страна на МЖСПП и општината каде се наоѓа заштитеното подрачје). Ако барањето за интегрирана еколошка дозвола се однесува на Б дозвола се објавува само на веб страната на општината. Барањето за ИЕД е достапно на јавноста за коментари во рок од 30 дена. Пред 30тиот е предвидено организирање на јавна расправа. Јавноста може да ги даде своите коментари по писмен пат и да ги достави до МЖСПП или општината.

# 4 Анекс 1: Листа на ентитети за следење

Листа на ентитети за следење

| Општини | Општини | Владини институции | Судови | Јавни претпријатија |
|---|---|---|---|---|
| Арачиново | Зелениково | Министерство за локална самоуправа | Основен суд Кратово | Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ |
| Берово | Зрновци | Министерство за надворешни работи | Основен суд Куманово | Јавно водостопанско претпријатие „Водостопанство на РСМ“ - Скопје |
| Битола | Илинден | Министерство за образование и наука | Основен кривичен суд Скопје | Оператор на електропреносниот систем на РСМ, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост - Скопје |
| Богданци | Јегуновце | Министерство за одбрана | Основен суд Битола | Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на РСМ“ во државна сопственост - Скопје |
| Боговиње | Кавадарци | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | Основен суд Охрид | Јавна установа „Национален парк Маврово“, Маврови Анови, РСМ |
| Босилово | Карбинци | Министерство за правда | Основен суд Ресен | Јавна установа „Национален парк Галичица“, Охрид, РСМ |
| Брвеница | Карпош | Министерство за транспорт и врски | Основен суд Крушево | Јавна установа „Национален парк Пелистер“, Битола, РСМ |
| Бутел | Кичево | Министерство за труд и социјална политика | Основен суд Прилеп | Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на РСМ“ |
| Валандово | Кисела Вода | Министерство за финансии | Основен суд Струга | Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“ во државна сопственост - Скопје |
| Василево | Конче | Министерство за внатрешни работи | Основен суд Берово | |
| Вевчани | Кочани | Министерство за економија | Основен суд Делчево | |
| Велес | Кратово | Министерство за животна средина и просторно планирање | Основен суд Радовиш | |
| Виница | Крива Паланка | Министерство за здравство | Основен суд Виница | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Врапчиште | Кривогаштани | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Основен суд Струмица |
| Гази Баба | Крушево | Министерство за информатичко општество и администрација | Основен суд Кочани |
| Гевгелија | Куманово | Министерство за култура | Основен суд Штип |
| Ѓорче Петров | Липково | Канцеларија на Претседателот на Владата на РСМ | Основен суд Свети Николе |
| Гостивар | Лозово | Собрание на РСМ | Основен суд Кичево |
| Градско | Маврово и Ростуше | Национални координатори | Основен суд Гостивар |
| Дебар | Могила | СЕП | Основен суд Тетово |
| Дебрца | Неготино | Биро за Јавни набавки | Основен суд Дебар |
| Делчево | Новаци | Секретар на Секретаријатот за законодавство | Виш управен суд |
| Демир Капија | Ново Село | Дирекција за заштита и спасување | Управен суд |
| Демир Хисар | Охрид | Народен правобранител | Апелационен суд Битола |
| Дојран | Петровец | Државен инспекторат за животна средина | Апелационен суд Гостивар |
| Долнени | Пехчево | Агенција за планирање на просторот | Апелационен суд Скопје |
| Прилеп | Пласница | Врховен суд на РСМ | Апелационен суд Штип |
| Македонска Каменица | Македонски Брод | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на РСМ | Основен суд Велес |
| Желино | Пробиштип | Државно правобранителство на РСМ | Основен суд Кавадарци |
| Центар | Радовиш | Управа за хидрометеоролошки работи | Основен суд Крива Паланка |
| Центар Жупа | Ранковце | Регулаторна комисија за енергетика на РСМ Скопје | Основен суд Неготино |
| Чаир | Ресен | Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ - Скопје | Основен граѓански суд Скопје |
| Теарце | Росоман | Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ - Скопје | Јавно обвинителство на РСМ |

| | | |
|---|---|---|
| Тетово | Сарај | Национална агенција за нуклеарни технологии на РСМ |
| Чашка | Чешиново-Облешево | Железници на РСМ Транспорт АД - Скопје |
| Чучер-Сандево | Штип | Управен суд на РСМ - Скопје |
| Шуто Оризари | Студеничани | Национална академска истражувачка мрежа - Скопје |
| Сопиште | Старо Нагоричане | ОВП Портал |
| Струга | Струмица | ЕНЕР |
| ЗЕЛС | Свети Николе | |

АРХУС Центар

Кукушка 4а, 1000 Скопје РСМ

www.arhus.mk

aarhus@mkm.mk

